Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-532/3
17-10-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-532 од 23.7.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-532 од 23.7.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 23.7.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против [redacted], за извршена дискриминација врз основ на национална или етничка припадност.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беше образложено со кое дејствие подносителката била дискриминирана и недостасуваа податоци за описот на настанот, на 29.7.2024 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе ги наведе сите информации за околностите и фактите врз кои се темели претставката и дејството со кое смета дека е дискриминирана. Притоа, во однос на предметното барање за доуредување, беа извршени 2 неуспешни обиди за достава на предметното барање за доуредување, при што поднесокот беше вратен од пошта со образложение: известен – не побарал.

Имајќи го претходно наведеното во предвид, подносителката на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок и следствено на тоа, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
17.10.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk